# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров излегува по потреба | 28 Октомври 2024 година<br>Скопје<br>Бр.12 Год. XIX |



www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

**Издавач:** Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.22
**Уредува:** Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
**тел.** 02/2039-307 ; 02/2039-308
**фах.** 02/2033-309


*Содржина:*


1. **Одлука за изменување и дополнување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров** ..........................................................................стр.2


**Октомври 2024 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува одлуката за изменување и дополнување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесетиосмата седница на советот, одржана на ден 28.10.2024 година.

**Број 02-1695/1**
**од 28.10.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, а в.в со член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 16 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 8/23), Советот на Општина Ѓорче Петров на 48-та седница, одржана на 28.10.2024 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Колективниот договор на**
**Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со одлуката за изменување и дополнување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров договорните страни вршаат усогласување со постојната законска регулатива, подобрување на постојните одредби на колективниот договор, усогласување на колективниот договор на Општина Ѓорче Петров со Општиот колективен договор за јавниот сектор и зголемување на правата на вработените во Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Во Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров заверен во Општина Ѓорче Петров под број 03-2200/1 од 24.11.2022 година и кај Синдикалната организација на САДУ на Општина Ѓорче Петров под број 03/22 од 24.11.2022 година се врши изменување на начин што во членот 2 став 6 после зборот „министерот“ зборовите „труд и социјална политика“ се менуваат и гласат „економија и труд“.

**Член 3**

Во членот 4 став 1 по зборовите „Законот за приватните агенции за вработување и други закони“ интерпункцискиот знак „,“ се менува и станува сврзник „и“, а по зборовите „Општиот колективен договор за јавниот сектор“се брише текстот „и Гранскиот Колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено - поправните и воспитно - поправните установи, државното правобранителство, општините,

Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија,“,

Ставот 3 се брише.

**Член 4**

Член 7, се менува и гласи:

„(1) Додаток на плата за работна успешност на вработените се определува врз основа на критериуми за квалитет и обем на извршена работа, креативност и инвентивност, продуктивност, економичност и заштеди во процесот на работењето и користење на средствата за работа и на работното време и другите мерила утврдени со закон, колективен договор и посебен акт изготвен од страна на работодавачот.

(2) Исплатата по основ на став 1 од овој член, се исклучува со дополнителни исплати по други основи.“

**Член 5**

Во членот 8 по зборовите „друг закон“ текстот до крајот на реченицата се менува и гласи „Општиот колективен договор за јавниот сектор и овој колективен договор“.

**Член 6**

Насловот на глава III „III ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ“, наместо пред членот 11, се менува и стои пред насловот на членот 10 „Засновање на работен однос“.

**Член 7**

Членот 11 се брише.

Членовите 12, 13 и 14, стануваат членови 11, 12 и 13.

**Член 8**

Во член 15, кој сега станува член 14 став (1) по зборот „сектор,“ текстот до крајот на реченицата се менува и гласи: „Општиот колективен договор за јавниот сектор и овој колективен договор“.

Во ставот (2) зборот „четири“ се менува и гласи „два“.

Во ставот (5) зборот „планот“ се менува и гласи „план“.

Членовите 16 и 17 сега стануваат членови 15 и 16.

Членовите 18, 19, 20, 21, 22 и 23 се бришат.

Членот 24 станува член 17.

**Член 9**

Во насловот пред член 25, што сега станува член 18, се врши измена со што зборовите „Сподгбено раскинување“ се менуваат и гласат „Спогодбено раскинување“.

Членовите 26, 27, 28, 29, 30, 31 и 32 сега стануваат членови 19, 20, 21, 22, 23, 24 и 25.

**Член 10**

Во членот 33 што сега станува член 26, во став (1) точка 5) зборот „ненавремено“ се менува и гласи „навремено“. Интерпункцискиот знак „;“ станува „,“ и се додава текстот „до крајот на работното време“.

Во точка 6) по запирката по зборовите „48 часа“, се додава зборот „писмено“.

Членот 34 сега станува член 27.

**Член 11**

Пред насловот „работно време“ се додава следниот наслов:

**„V. РАБОТНО ВРЕМЕ, ПАУЗИ, ПЛАТЕНИ И НЕПЛАТЕНИ ОТСУСТВА“**

Членовите 35 и 36 стануваат членови 28 и 29.

**Член 12**

Во членот 37, што сега станува член 30 ставот „(5)“ се брише.

Членовите 38 и 39 стануваат членови 31 и 32.

**Член 13**

Во член 40, што сега станува член 33, по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„Вработениот за намерата за доброволното дарување на крв, го известува непосредно претпоставениот раководител, најдоцна 2 (дена) пред дарувањето на крв, со цел организација на работниот процес.“

Ставот (3) станува став (4).

Се додава нов став (5) кој гласи:

„Вработениот во текот на месецот има право на користење на најмногу 7 (седум) часа отсуство, поради лични и приватни причини. Отсуството од овој став се користи по претходно писмено одобрение од страна на непосредно претпоставениот раководител, за што непосредно претпоставениот раководител е должен веднаш и без одлагање да го извести раководителот на секторот.“

**Член 14**

Во членот 41, што сега станува член 34 став (2) по зборот „вработениот“ се додаваат зборовите „претходно одобрено од раководител на сектор/независно одделение,“.

**Член 15**

Во членот 42, што сега станува член 35 став (1) после зборот „дена“ се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Во ставот (3) зборот „државниот“ се менува и гласи „вработениот“.

Во ставот (3) алинеа 1 и 3, зборот „службеник“ се менува и гласи „вработен“.

**Член 16**

Во член 43, што сега станува член 36ставот (7) се брише.

Членовите 44 и 45 стануваат членови 37 и 38.

**Член 17**

Во член 46, што сега станува член 39 став (1) зборовите „гранскиот колективен договор „се бришат и зборот „поединечен“ се брише.

**Член 18**

Во член 47, што сега станува член 40 во табеларниот приказ востав 3, во делот „бодови“ се менуваат бодовите кај називите на следниот начин:

- Хигиеничар, бројот „2014“ се менува и гласи „2525“;
- Умножувач/копирант бројот „2014“ се менува и гласи „2525“;
- Кафекувар/ка бројот „2014“ се менува и гласи „2525“;
- Чувар-портир II бројот „2054“ се менува и гласи „2565“
- Домаќин бројот „2054“ се менува и гласи „2565“;
- КВ работник за извршување на помошни работи бројот „2095“ се менува и гласи „2606“
- Работник за извршување на помошни работи бројот „2155“ се менува и гласи „2666“
- Работник за давање податоци-информации бројот „2155“ се менува и гласи „2666“
- Возач III бројот „2417“ се менува и гласи „2928“ и
- Возач на градоначалникот бројот „2779“ се менува и гласи „3290“.

**Член 19**

Во членот 48, што сега станува член 41 став 3 по зборот „место“, зборовите „ „се зголемува за 57 бодови, и“ се брише.

Во табеларниот приказ, бодовите се менуваат и гласат:

- бројот „113“, се менува и гласи „199“
- бројот „88“, се менува и гласи „174“
- бројот „68“, се менува и гласи „154“
- бројот „58“, се менува и гласи „92,43“

Членот 49 станува член 42.

Членот 50 се брише.

Членовите 51 и 52 стануваат членови 43 и 44.

**Член 20**

Во членот 53, што сега станува член 45 во став (1), алинеа 4 се менува и гласи:
„смрт на вработениот или член на неговото семејство (брачен другар, децата родени во брак или надвор од брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување, и други роднини ако живеат во исто домаќинство и родителите без оглед на тоа дали живеат во исто домаќинство или не)“.

По ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Вработениот има право на симболична награда по повод заминување во пензија на товар на работодавецот. Правото се стекнува со исполнување на условите за пензија.“

Ставот (4) станува став (5).

**Член 21**

Во членот 54, што сега станува член 46 зборовите „просечна месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија исплатена во изминатата година“ се менуваат и гласат „ просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата“.

Членовите 55, 56, 57, 58, 59, 60, 61, 62 и 63 стануваат членови 47, 48, 49, 50, 51, 52, 53, 54 и 55.

**Член 22**

Во членот 64, што сега станува член 56 став (2), алинеите 2, 3, 4, 5, 6 и 7 се менуваат и гласат:

- „за 15 години – 80%;
- за 20 години – 100%;
- за 25 години – 125%;
- за 30 години – 150%;
- за 35 години – 175% и
- за 40 години – 200%,“

од просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Членовите 65, 66 и 67 стануваат членови 57, 58 и 59.

**Член 23**

Во членот 68, што сега станува член 60 став (1) по алинеа 2 се додава нова алинеа 3, која гласи:
„- изготвување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров;“
Алинете 3 и 4 стануваат алинеи 4 и 5.

**Член 24**

Во членот 69, што сега станува член 61 по запирката по зборот закон, текстот до крајот на реченицата се менува и гласи: „Општиот колективен договор за јавниот сектор и овој колективен договор“.
Членовите 70, 71, 72, 73 и 74 стануваат членови 62, 63, 64, 65 и 66.

**Член 25**

Во членот 75 што сега станува член 67 став (5) бројот „15“ се заменува со бројот „33“.
Членовите 76, 77, 78, 79 и 80 стануваат членови 68, 69, 70, 71 и 72.

**Член 26**

Во членот 81 што сега станува член 73 став (2) по зборовите „одговара за“ се менуваат зборовите до крајот на реченицата и гласат „сторена дисциплинска повреда“.
Членовите 82, 83, 84, 85, 86, 87, 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 96, 97, 98, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107 и 108 стануваат членови 74, 75, 76, 77, 78, 79, 80, 81, 82, 83, 84, 85, 86, 87, 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 96, 97, 98, 99 и 100.

**Член 27**

По членот 109 што сега станува член 101, се додава нов член 102, кој гласи:
„Процената на материјалната штета ја утврдува овластен проценител од соодветната област.“
Членовите 110, 111, 112, 113, 114 и 115 стануваат членови 103, 104, 105, 106, 107 и 108.

**Член 28**

Во членот 116 што сега станува член 109 по зборот „вработените“ се додаваат зборовите „и членови на нивното потесно семејство (брачен другар, децата родени во брак или надвор од брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување, родители, и други роднини ако живеат во исто домаќинство)“.

**Член 29**

Членот 117 се брише.
Членовите 118, 119, 120, 121, 122, 123 и 124 стануваат членови 110, 111, 112, 113, 114, 115 и 116.

**Член 30**

Во членот 125  што сега станува член 117 ставот (2) се брише, а ставот (3) станува став (2).
Членовите 126 и 127 сега стануваaат членови 118 и 119.

**Член 31**

Во целиот текст на овој колективен договор, зборовите „договор за вработување“, се менуваат и гласат „договор/решение за вработување“.

**Член 32**

Исплатата на плата согласно членот 18 и 19 од оваа Одлука за изменување изменување и дополнување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров, отпочнува со исплата на плата за месец ноември 2024 година.

**Член 33**

Овој договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров, јавно се објавува на огласна табла на работодавачот и преку електронските гласила на договорните страни.

Договорот за изменување и дополнување стапува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Работодавачот односно синдикатот има обврска на секој вработен да му овозможи увид во договорот за изменување и дополнување на колективен договор.

Договорот се заверува кај договорните страни кои се негови потписници.

**Член 34**

Советот на Општина Ѓорче Петров го овластува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да го потпише Колективниот договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров.

**Член 35**

Одлуката за изменување и дополнување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров влегува во сила со денот на потпишување на Колективниот договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров, а се објавува во Службениот гласник на Општина Ѓорче Петров.

Доколку двете договорни страни не го потпишат наведениот колективен договор, оваа Одлука не произведува правна сила.

**Број 02-1651/3**
**Од 28.10.2024 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**